| Содржини и поими | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио на часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **29. Музика од цртан филм** | Идентификува кој вид е музиката која ја слуша.<br>Идентификува и наведува најмалку една композиција од секој од видовите музика. | | **Воведни активности**<br><br>Им пуштам музика од цртани филмови , тие треба да препознаат од кој Анимиран филм е музиката<br><br>**Главна активност**<br><br>Се слушаат различни мелодии од различни анимирани , цртани филмови<br>Тие ја препознаваат мелодијата и се води дискусија за кој цртан филм станува збор, кои се ликовите во истиот ,<br>Според музиката ги одредуваат и активностите на ликовите во каква ситуација се наоѓаат<br>Брзо , бавно , игровни активности во сцените и слично<br>Забележуваат дека секој цртан филм има своја специфична мелодија и секоја мелодија е прилагодена според актерите , според случките во филмот<br><br>**Завршна активност**<br>Погоди што се случува<br>Илустрирање на омилен лик од цртаните филмови<br><br>**Рефлексија** | аудио- и видеозаписи: аудио и видео ЦД со соодветна содржина | усните одговори на прашањата поставени од наставникот или од соучениците;<br><br>индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри);<br><br>практичната изведба во група. |







resursi.literatura.mk

| Содржини и поими | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио на часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **30. Музички игри и песни** | Го следи видот/карактерот на музиката со своите движења (оро, марш или валцер).<br>Пее и се движи во соодветен ритам во музичките игри | | **Воведни активности**<br><br>Пеење песничка ,,Пролет,, - разговор за промените во природата(по слика) кои промени на дрвјата настануваат во пролет.<br>Откривање и опишување на сликите<br><br>**Главна активност**<br><br>Наставникот им пушта на учениците видеоснимки/аудиоснимки од народни ора и песни, карактеристични за различните етнички заедници кои живеат во РСМ (по една за секоја), а учениците ги пеат и/или играат во соодветниот ритам и го следат ритамот со детски ритмички инструменти и тропалки.<br><br>**Завршна активност**<br><br>Игровни активности и игри што ги играат учениците<br>Демонстрирање на игрички , пеење , играње<br><br>**Рефлексија** | аудио- и видеозаписи: аудио и видео ЦД со соодветна содржина | усните одговори на прашањата поставени од наставникот или од соучениците;<br><br>индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри);<br><br>практичната изведба во група. |






| Содржини и поими | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио на часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **31. Бројалки и песни** | Поврзува мелодија и ритам со движења. Креира кратки ритмички целини придружени со плескање, чекорење или | | **Воведни активности**<br>Кажувам една бројалка:<br>**Ен- тен -тини, сава- рака -тини, сава- рака - тика - така,ени -мени - пиф -паф - пуф.** Следи запознавање со „ Растурена игра“<br>**Главна активност**<br>Запознавање со композиторот и неговите музички дела.<br>На компјутерот на http://www.utrinski.mk/?ItemID=88B0AEF025848E45B5921FAF26F97236 ги запознавам со композиторот Гоце Коларовски и биографија.<br>Внимателно го следат појаснувањето на наставникот за композиторот.<br>Им ја раскажувам приказната што Коларовски ја претставил преку инструментална музика.<br>Давање насоки за внимателно слушање на композицијата.<br>Го следат објаснувањето и насоките на наставникот.<br>Разговор по слушаната композицијаи определување на музичките фрази при повторно преслушување<br>На ЦД ја слушаме композицијата „Растурена игра“.<br>Низ прашања го одредуваме карактерот и темпото на композицијата.<br>Одговор на поставени прашања за карактерот и темпото на композицијата.<br><br>**Завршна активност**<br>Илустрација на цртеж од композицијата по фантазија<br><br>**Рефлексија** | аудио- и видеозаписи: аудио и видео ЦД со соодветна содржина | усните одговори на прашањата поставени од наставникот или од соучениците;<br><br>индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри);<br><br>практичната изведба во група. |



**Гоце Коларовски**
**Растурена игра**

Гоце Коларовски (1959-2006) е истакнат македонски композитор и диригент.

Во неговото творештво се застапени вокални, вокално - инструментални и инструментални дела.

Сеќавањата и доживувањата од детството ги преточил во композицијата за детски хор и пиано со наслов **Растурена игра.**

Таа започнува на сред село каде децата се собираат и играат разни игри.

**Бројалката Падна бомба од небото, на удари баба меца.....** е текстуална основа на композицијата.

Во играта настанува кавга и поради тоа децата налутено ја напуштаат.

Со звукот на пианото детските гласови добиваат нова интонација. Така симболично е претставено убедувањето и нетрпението Диме да се врати во игра.

Но и покрај сите настојувања, тој не се враќа и играта се растура со зборовите „Ајде да одиме дома“.



resursi.literatura.mk

| Содржини и поими | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио на часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **32.<br>ОП<br>Мајски бумбар** | Пее одреден број песни за деца и народни песни во опсег ре-ла со правилен пејачки став и правилно дишење. • Пее со другите во група со усогласено темпо, динамика и ритам | | **Воведни активности**<br><br>Учениците се поставени во круг (заземање правилен пејачки став) поттикнувам дискусија како<br>треба правилно да се стои при пеење. Се потсетуваме на техниката на дишење - рамномерно дишење, без подигање на раменици, вдишување преку нос, а издишување преку уста. Им ја демонстрирам техниката, а учениците повторуваат, со цел да се подготви гласот за уметничко доживување, пеење на песната.<br>Правилно пејачко дишење,распејување,пеење на веќе обаработени песни,<br>Се води разговор за содржината на песната според сликите кои ги истакнувам<br>– се обработува првиот изразен елемент - текстот<br>Јасна дикција , правилен акцент, динамичкп – рецитатпрскп нијансираое сп примена на глума ,мимики,гестпви ,култивиран тпн.<br>Непознатите збпрпви се пбјаснуваат , се прераскажува спдржината на стрпфата,пптпа на целата, хпрски се рецитира сп ритмичкп изгпвараое на текстот со разновидни плескања.<br><br>**Главна активност**<br><br>Ја најавувам целта на часот пеење на песната<br>**доживувавање на песната** преку уметнички запис<br>**Усвојување на песната се одвива низ следните етапи**<br>***слушање, восприемање, доживување и изразување*** –<br>потврдување на музичката фраза или музиката реченица (еден или два стиха)<br>По слушањето на фразата се повторува се додека не се запомни.<br>Откако ќе се обработи првата фраза се преминува на втората.....потоа двете фрази се склопуваат. | аудио- и видеозаписи: аудио и видео ЦД со соодветна содржина<br><br> | усните одговори на прашањата поставени од наставникот или од соучениците;<br><br>индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри);<br><br>практичната изведба во група. |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Повторувањето на музичките фрази учениците го пеат како ехо имитирајќи го изразното пеење на наставникот.<br><br>**Завршна активност**<br><br>Утврдувањето на песната се врши фронтално,по групи и индивидуално,дуа ,триа итн....утврдувањето на изразните елементи на песната се врши откако учениците ќе научат да ја пеат ритмички и мелодиски песната<br>Учениците при утврдување на песната се придружуваат со раце и нозе,тивко за да може да се слуша мелодијата на песната.<br>.....Илустрирање,драматизирање на песната.....<br><br>**Рефлексија** | | |





resursi.literatura.mk

| Содржини и поими | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио на часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **33.**<br>**Слободно музичко изразување**<br>**Немирко“ - драматизација- Детско творештво** | Креира кратки ритмички целини придружени со плескање, чекорење или (слободно музичко изразување, творење/создавање).<br>разни видови детски ритмички инструменти. | | **Воведни активности**<br><br>Приказна по слики -Немирко-<br>Анализа на сликите.<br>Се обидуваат да се искажат по дадените слики.<br>„Немирко“<br><br>**Главна активност**<br><br>Со читање на приказната и опишување на сликата од учениците ги насочувам да состават мелодиска вежба за секоаја целина-слика.<br>Внимателно го следат појаснувањето на наставникот.<br>Читање по целини и опишување од учениците.<br>Потоа учениците по парови ги исполнуваат индивидуално своите вежби.<br>Составуваат мелодиска вежба од по 4 такта .<br><br>**Завршна активност**<br><br>Драматизација Детско творештво<br>Индивидуална изведба на песните од учениците по парови.<br>Избираме најдобра мелодиска вежба<br><br>**Рефлексија** | аудио- и видеозаписи: аудио и видео ЦД со соодветна содржина | усните одговори на прашањата поставени од наставникот или од соучениците;<br><br>индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри);<br><br>практичната изведба во група. |



**Детско музичко творештво**

**Немирко**

Еден убав пролетен ден на свет дошла една светулка. Уште од првиот ден била немирена и ја нарекле Немирко.

Од ден на ден растел и измислувал немирни игри. Трчал, скокал и никако не се смирувал.

Дошло време да појде во училиште.

Наставникот ги учел светулките како да ги запалат своите сијалици. Додека другите се труделе да научат, Немирко полетал и наместо една светнале две сијалици. Од тој ден светел и ноќ и ден. Една ноќ неговите сијалици престанале да светат.

Тажен се вратил кај своите родители.

Тие го ставиле на цветниот кревет и повикале лекар. Тој лежел и тажно ги гледал своите сестри и браќа како светат.

Стигнал стариот доктор Светулко и на болниот Немирко му рекол да мирува и да не ја троши светлината кога не треба.

Едно утро неговите сијалици повторно се запалиле. Сега среќниот Немирко ги палел само ноќе.

**Задачи:**

1. Според дадените илустрации направете драматизација.
2. Немирните игри на Немирко искажете ги со ритмички игри и мелодиски вежби.



resursi.literatura.mk